**Известување за концентрација со која „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ од Австрија и АГРАНА Сејлс & Маркетинг ГмбХ ќе стекнат заедничка контрола над Бета Пура ГмБХ од Австрија**

**(предмет бр. 08-44 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 01.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на „ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ, Австрија, со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија и АГРАНА Сејлс & Маркетинг ГмбХ, Австрија, со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1, А-1020 Виена, Австрија над Бета Пура ГмБХ, Австрија со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија.

**-ХЕЛИКС“ Бетајлигунгс ГмбХ, Австрија** е зависно друштво во целосна сопственост на Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен, со регистрирано седиште на Фридрих-Вилхелм-Рајфајзен-Плац 1 1020 Виена, Австрија, Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен е австриска комерцијална банка, основана во 1898 година и со седиште во Виена. Дел е од австриската Рајфајзен банкарска групација и централна институција за Рајфајзен кооперативните банки во регионот на долна Австрија.

Рајфајзенландесбанк Нидеруштерајх-Виен групацијата нема под контрола зависни друштва во Северна Македонија и нема регистрирано присуство во Северна Македонија.

**-АГРАНА Сејлс & Маркетинг ГмбХ** е дел од АГРАНА групацијата, која е поделена на три сегмени на работење: шеќер, скроб и овошје. АГРАНА Цукер ГмбХ, сестринска компанија на АСМ, управува со сегментот – шеќер, односно со девет постројки за производство во пет држави членки на ЕУ (седум фаврики за шеќерна репка, една рафинерија за суров шеќер и една фабрика за готови производи), како и фабрика (заедничко вложување) во Босна и Херцеговина.

АГРАНА групацијата има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија (во сопственост на АГРАНА Студен заедничкото вложување), Друштво за трговија на големо АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Качанички пат бр.168-Инд.зона/Визбегово, Бутел и со регистрирана дејност-трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер во кое АГРАНА поседува 50% од уделите.

Во однос на управувањето и градењето на фабрика за кристализација на бетаин Бета Пура ГмБХ, Австрија е под заедничка контрола на АГРАНА Сејлс & Маркетинг ГмбХ и Амалгамејтед Шугар Компани, САД, со седиште на 1951 С.Сатурн Веј, Суит 100, Боас, Ајдахо 83709, САД. Фабриката управувана од Бета Пура ГмБХ, Австрија е изградена на земјиште во сопственост на фабриката за шеќер на АГРАНА во Тулн, Австрија. Во оваа фабрика Бета Пура ГмБХ, Австрија преработува природен течен бетаин (познат и како меласа без шеќер или бетаин меласа), кој го има набавено од неговите моментални владејачки друштва АГРАНА и Амалгамејтед Шугар Компани, САД, во кристален бетаин (дехидриран бетаин) и ниспродукти како што се течна бетаин меласа, мешавина од аминокиселини и мешавина од супстанци задржани на филтер. (Природен) кристален бетаин се користи во добиточна храна, ѓубрива, човечка исхрана и козметика.

Бета Пура ГмБХ нема зависни друштва во Северна Македонија, и не остварил било каков приход во Северна Македонија во 2021 година преку продажбата на бетаин.

Релевантниот пазар на стоки за предложената концентрација може да биде дефиниран како пазар за продажба на бетаин.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

02.03.2023 година

Скопје